# ЗАПИСНИК
## од
## ДЕСЕТТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
## одржана на 15.12.2022, во 12:00ч.
## во
## Влада на Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| ПРИСУТНИ | Димитар Ковачевски (ПВРСМ), Адмирим Алити (МИОА), Џабир Доко (МПСОЗ), Бојан Маричиќ (СЕП), Јелена Таст (МФ), Ристо Пенов (МЛС) Методија Димовски (ГС), Лила Пејчиновска Миладиновска (СЗ), Спасе Глигоров (АА), Весна Марашевиќ (КПВРСМ), Билјана Николовска Жагар (КПВРСМ), Весна Ковачевска (КПВРСМ), Есма Адиловиќ Фазлиќ (МИОА), Ангела Саплиева (МИОА), Ирена Стамеска Ѓеровска (МИОА) и Вљора Муртези (МИОА) |
| ПРЕТСЕДАВАЧ | Димитар Ковачевски, Претседател на Влада на Република Северна Македонија |
| ЗАПИСНИЧАР | Ангела Саплиева, МИОА |

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД**

1. **Усвојување на Записникот од Десеттата седница на Советот за реформа на јавната администрација, одржана на 13.07.2021 година;**

2. **Презентација на Нацрт стратегија за реформа на јавната администрација (2023 – 2030);**

3. **Разгледување на Четвртиот полугодишен извештај за периодот јануари – јуни 2021 година, за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022)со Акциски план и дискусија;**

4. **Разгледување на Четвртиот годишен извештај за 2021 година, за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) со Акциски план и дискусија;**

5. **Разгледување на Петтиот полугодишен извештај за периодот јануари – јуни 2022 година, за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) со Акциски план и дискусија;**

6. **Презентација на наодите од евалуацијата на Стратегијата за РЈА (2018- 2022) - клучни предизвици и препораки;**

7. **Разно (прашања/предлози)**

Десеттата седница на Советот за реформа на јавната администрација ја отвори Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски, кој воедно е и Претседавач на Советот за реформа на јавната администрација. На самиот почеток ги поздрави присутните и го објави предлог дневниот ред. Бидејќи присутните немаа забелешки по предлог дневниот ред, истиот едногласно беше усвоен.

Пред да премине на првата точка од дневниот ред, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски имаше воведно обраќање во кое ја истакна јасната определба за стручна и професионална јавна администрација, како што е предвидено во Нацрт текстот на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030)а и побара проактивно работење

веднаш за нејзина ефикасна реализација. Истовремено, потенцира дека реформата на јавната администрација (РЈА) останува еден од клучните приоритети на Владата, но сега се издигнува како прашање од исклучителна важност и за процесот на преговори со Европската Унија, имајќи предвид дека е една од клучните области од Кластерот Фундаментални вредности. Воедно, нагласи дека РЈА мора да се спроведува, не само како услов за влез во ЕУ, туку пред сè поради квалитетот на живот на граѓаните во нашата држава. Притоа, приоритетни цели мора да бидат деполитизирана и професионална јавна администрација и следствено на тоа воспоставување на кохерентен систем на плати и реорганизирани и оптимизирани институции со зајакнат интегритет. Ова подразбира финализирање на предлозите на законските решенија, што претставуваат правна основа за да се оди понатаму. Истакна дека во делот на дигиталната трансформација може да се види унапредување, но важно е и да и се обезбеди на администрацијата да работи во средина со дигитални можности и да биде оспособена да ги применува, со што ќе се постигне и зголемен квалитет на услугите. Го поздрави пристапот на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) за вклучување на засегнатите страни при изработката на новата Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030), посебно што за прв пат се предлага среднорочен документ со важност од осум години. Потсети дека и во Програмата за работа на Владата 2022-2024 година е ветено креирање политики преку зголемена транспарентност, инклузивност и партиципативност и во оваа насока треба да продолжи работењето, а во рамки на овој процес, потребен е кадровски потенцијал што може да одговори на сите потребни обврски, што подразбира зајакнување на човечките ресурси. Советот за реформа на јавната администрација има за цел следење на постигнувањето на целите поставени во Стратегијата за јавна администрација и неговиот пристап на работа е базиран на мерливи резултати. На крај, наведе дека од Стратегијата за реформа во јавната администрација 2023- 2030 година со Акцискиот план (која треба да биде усвоена од Владата), зависи и задоволството на граѓаните и бизнис заедницата од институциите што ги плаќаат и напредокот на евроинтеграцискиот пат и уште еднаш, апелираше на максимална одговорност и посветеност од сите инволвирани страни.

Потоа, се премина кон **првата точка од дневниот ред.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски ги повика присутните да дадат забелешки кон записникот од деветата седница на Советот за РЈА одржана на 13.07.2021 година. Присутните немаа забелешки, по што записникот беше едногласно усвоен. Согласно воспоставената пракса, се очекува записникот од деветтата седница МИОА да го објави на својата веб страница.

Во однос на **втората точка** - Презентација на нацрт стратегија за реформа на јавната администрација (2023 – 2030), Ковачевски и даде збор на професорката Ана Павловска Данева, која во својство на експерт ангажиран од страна на РеСПА го презентираше нацртот на Стратегија за реформа на јавна администрација 2023 - 2030 година. Павловска Данева го објасни методолошкиот пристап на подготвување на новата Стратегија и наведе дека на 54та Седница на Влада одржана во јуни 2022 година, Владата го задолжила МИОА во отворен, транспарентен и консултативен процес да пристапи кон нејзина подготовка, по што донесено е Решение за формирање на работна група со претставници од министерствата и државните институции, претставници од граѓанското општество и од меѓународните организации, како и експерти, чија работа е организирана во подгрупи за четирите приоритетни области. Истакна дека и во оваа Стратегија визијата на РЈА е деполитизирана, ефикасна, ефективна и отчетна јавна администрација која обезбедува квалитетни и лесно достапни услуги за граѓаните и бизнис заедницата. Во продолжение, ги презентираше клучните поенти од нацрт Стратегијата по приоритетните области: 1) Креирање на политики и координација; 2) Јавна служба и управување со човечки ресурси; 3) Одговорност, отчетност и транспарентност и 4) Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата.

Во однос на Приоритетна област 1) Креирање на политики и координација општа цел е ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики, а посебна цел е воспоставен конзистентен и функционален систем за креирање политики и донесување закони. Наведе дека потребен е функционален механизам за усогласување на долгорочното, среднорочното и годишното планирање и дека планирано е да се воспостави електронско хоризонтално и вертикално поврзување на организационите единици за стратешко планирање во министерствата со Генералниот секретаријат. Планирано е и унапредување на системот на координација на политики и одлучување на Владата преку усвојување на нов Деловник за работа на Владата со кој ќе се предвиди подобра операционализација на „Центарот на Влада“, поедноставување на работата на Генералниот секретаријат и подобра искористеност на ИКТ; квалитетно транспонирање на правото на ЕУ во националното законодавство преку обуки и стручно усовршување на вработените на Секретаријатот за законодавство, воспоставување на тело за стручна и правна ревизија на терминологијата на правото на ЕУ и тело за верификација на терминологијата, со цел да се комплетира процесот на подготовка на националната верзија на правото на ЕУ; ефективно и доследно спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата и подобрен квалитет и достапност на статистички податоци за креирање политики базирани на докази. Понатаму, се осврна на втората посебна цел - зголемена транспарентност, инклузивност и

партиципативност во процесот на креирање политики и подготовка на закони, која би се постигнала преку вклучување на заинтересираните страни и пошироката јавност во креирањето на политиките и подготовката на законодавството, преку зголемување на периодот на објава на ЕНЕР од 20 на 30 дена и јавна објава на резултатите од споreведените консултации по предлог законите и редовно и навремено информирање на јавноста за работата на Владата и за спроведувањето на планските документи, со тоа што дневниот ред за седниците на Владата би се објавувал пред нивното започнување.

Во однос на Приоритетна област 2) Јавна служба и управување со човечки ресурси општа цел е департизирана, професионална и стручна јавна администрација. Наведе дека се планира поврзување на стратешкото планирање со управувањето со човечките ресурси во секоја институција; постигнување на објективност на постапката за вработување преку зајакнување на улогата и значењето на интервјуто преку формирање на комисии за интервјуа составени од професионалци, психолози и лица со изграден личен интегритет; воведување на периодична проверка на посебните компетенции кај веќе вработениот кадар; унификација на организационата поставеност на државните органи, општинските административни служби и административните служби во институциите од областа на дејностите од јавен интерес (образование, здравство, наука, култура, труд и социјална заштита, детска заштита, комунални дејности и други дејности од јавен интерес). Околу професионализацијата на јавната администрација ја истакна потребата од стручност и компетентност на високата раководна служба, преку носење на Закон за висока раководна служба со унифицирани објективни критериуми за избор на високи раководители преку транспарентни постапки базирани на јавни огласи, забрана за именување на „вршители на должност“ со неограничен мандат и без исполнети законски критериуми , професионализација на организационите единици за управување со човечките ресурси преку поделба на одделенија кои ќе извршуваат “кадровски работи“ и одделенија кои ќе ги креираат политиките и ќе ги спроведуваат процесите во сферата на управување со човечките ресурси во институцијата. Воедно, планирано е унапредувањето во јавната администрација да биде базирано исклучиво и само на професионални заслуги (мерит систем). За обезбедување на квалитет и стручност на јавната администрација, планирано е формирање на Академија за професионален развој на јавната администрација (која би била посебен правен ентитет) и унапредување на системот за управување со учењето и на е-учењето. Воспоставувањето на унифициран и кохерентен систем на плати во јавната служба ќе се обезбеди преку носење на Закон за плати во јавниот сектор.

Во однос на Приоритетна област 3) Одговорност, отчетност и транспарентност, општа цел е одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите. Првата посебна цел е кохерентна и оптимизирана државна управа, што подразбира отпонатиот процес на пилотирање на реорганизација на државната управа да продолжи преку воспоставување на методолошка рамка за формирање, спојување и укинување на органи на државна управа, агенции и инспекциските служби на централно ниво; подготовка на нов Закон за организација на органите на државната управа и усогласување на посебните закони со истиот, како и донесување на потребните подзаконски акти. Втората посебна цел е подобрена ефикасност на управните постапки, која би се постигнала преку унапредена имплементација на Законот за општата управна постапка (ЗОУП) во однос на делегација на надлежноста за одлучување и на електронската комуникација. Останатите посебни цели во оваа област се зајакнат интегритет на институциите, односно јакнење на институционалниот интегритет на Владата и индивидуалниот интегритет на носителите на највисоки државни функции на извршната власт и јакнење на индивидуалниот и институционалниот интегритет на органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа; зголемена транспарентност на институциите на државно и локално ниво и создавање на поволно опкружување за користење на податоците од јавниот сектор.

Во однос на Приоритетна област 4) Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата, општа цел е дигитализирана јавна администрација, а планираните мерки од првата посебна цел ќе обезбедат дигитална средина за подобро работење на администрацијата, односно подобрување на каналите на електронска комуникација преку дигитална картичка за граѓаните со што ќе се овозможи унифициран електронски начин за идентификација на граѓаните пред надлежните институции; воведување на SMART околина во работењето на администрацијата и подобрување на институционалната и законската рамка за ИКТ. Преку втората посебна цел, која е зголемен квалитет и достапност до услугите, ќе се обезбеди зголемување на бројот на е-услуги на Националниот систем за е-услуги; на бројот на центри „Една точка за услуги“ и унапредување на едношалтерскиот систем, во функција на граѓаните кои немаат соодветни дигитални вештини; ќе се подобри пристапноста на институциите за лицата со попреченост, возрасните лица, како и лицата со ниско ниво на дигитална писменост; ќе се направи мерење на задоволството на корисници на услуги и промоција и информирање на граѓаните и администрацијата за е - услугите.

По завршувањето на презентацијата на Павловска Данева, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски

истакна дека подготовката на новата Стратегијата за РЈА 2023-2030 е многу важен процес, а роковите за подготовка се кратки. Затоа потребна е хоризонталната координација за целиот овој процес да се заврши навремено и дека е важно не само МИОА, како надлежно министерство за координација на процесот на реформа, туку и сите институции во рамките на своите надлежности да се посветат на овој процес и да дадат свој придонес. Воедно, потребно е активно вклучување и на претставниците на локалната самоуправа во креирањето на мерките и активностите на новата Стратегија за РЈА 2023-2030 посебно во процесот на дигитализацијата, националниот портал за е – услуги и интероперабилноста.

Пред да се премине на наредната точка од дневниот ред, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски објасни дека согласно системот за следење и известување на спроведувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 -2022), МИОА како надлежна институција за координација на процесот континуирано ги подготвува и годишните извештаи за реализација на мерките и активностите од Акцискиот план. Најави дека и на оваа седница ќе продолжи воспоставената пракса на Советот за РЈА да се разгледуваат полугодишните и годишниот извештај, односно ќе биде презентиран напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и Акцискиот план и за постигнатите резултати во периодот јануари – декември 2021 година, како и за периодот јануари – јуни 2022 година.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски предложи спојување на **третата и четвртата точка** на агендата - Разгледување на четвртиот полугодишен извештај за 2021 година од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) и Разгледување на четвртиот годишен извештај за 2021 година, а имајќи предвид дека наодите од четвртиот полугодишен извештај се интегрирани и во нацрт годишниот извештај за 2021 година, предложи истите да бидат усвоени, со тоа што се заклучи четвртиот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) за 2021 година да биде доставен на усвојување на седница на Влада. Бидејќи никој немаше забелешки, извештаите од точка 3 и 4 беа усвоени.

Во однос на **петтата точка** - Разгледување на Петтиот полугодишен извештај за периодот јануари – јуни 2022 година, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски предложи да се посвети

посебно внимание, бидејќи во истиот е презентиран најновиот статус на имплементацијата на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022). Затоа, му даде збор на министерот за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити да го презентира извештајот. Министерот Алити наведе дека од вкупно 31 активност во периодот јануари – јуни 2022 година целосно спроведени се 2 активности, спроведувањето е во тек на 19 активности, а 10 активности доцнат со реализација или не се отпочнати, односни околу 68 % од активностите се реализирани/реализираат согласно предвидената временска рамка. Потоа, ги елаборираше статусот на реализација по институции - носители на активности и степенот на реализација на Акцискиот план по приоритетни области и по години. На крајот, ги најави и следните чекори, односно донесување на соодветна законска регулатива (Закон за висока раководна служба, ЗВЈС, ЗАС и ЗООДУ) и продолжувањето на процесот на државната реорганизација. Бидејќи никој од присутните немаше забелешки, Советот го усвои Петтиот полугодишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација за периодот јануари – јуни 2022 година.

Во однос на **шестата точка** од дневниот ред - Презентација на наодите од евалуацијата на Стратегијата за РЈА (2018 - 2022) - клучни предизвици и препораки, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски информира дека МИОА со поддршка на експерт ангажиран од РеСПА спроведе евалуација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022). Го повика министерот Алити накратко да ги презентира клучните предизвици и препораки од Извештајот за евалуација на Стратегијата за РЈА. Министерот Алити наведе дека извештајот за евалуација на Стратегијата за РЈА (2018-2022) година е подготвен со поддршка на РЕСПА и содржи препораки во однос на различни критериуми како што се: релевантноста, ефективноста, ефикасноста, кохерентноста, влијанието и одржливоста. Истакна дека во однос на препораката за примена на нова методолошка рамка во развојот на новата Стратегија за РЈА (2023-2030) од страната на Владата донесени се Методологија за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии. Потребно е секоја институција да ја прецизира својата одговорност при спроведувањето на Акцискиот План. При тоа, треба да се дефинираат мерки и активности за кои ќе има доволно ресурси во јавниот сектор како давател на јавни услуги и кои ќе имаат директно влијание врз граѓаните и економијата. Воедно, при дефинирањето на мерките и активностите потребно е

вклучување на единиците на локалната самоуправа што е и предвидено при подготовката на новата Стратегија за РЈА (2023-2030), преку учество на претставници од Министерството за локална самоуправа во работните подгрупи. Исто така, потребно е да се обезбеди транспарентност и инклузивност во процесот на РЈА, како и редовно одржување на седниците на Советот и Секретаријатот на РЈА. За зголемување на ефикасноста од значење е да се разграничи делокругот на работа на внатрешните единици за процесот на РЈА во МИОА, како и овластувањата и одговорностите на координаторите на работните групи и подгрупи. Истовремено, потребно е да се зајакнат капацитетите за човечки ресурси во МИОА за процесот на РЈА, да се поддржат членовите на Работната група и „контакт точките“ во непреченето спроведување на активностите на акциските планови, како и да се обезбеди зачувување на институционалната меморија за процесот на РЈА. Неопходна е и да се направи анализа на причините за прекумерната флуктуација на човечките ресурси, со цел надминување на причините за тоа и изнаоѓање на начини за задржување на квалитетниот кадар во администрацијата. За подобрување на размената на информации и внатрешната комуникација при спроведување на акциските планови за РЈА потребно е воведување на ИКТ алатка (портал за размена на информациите). Воедно, важно е да се подобри институционалната одговорност за следење и контрола на спроведувањето на акциските планови за РЈА, а и да се подготват планови за управување со промени и планови за комуникација на РЈА, како придружни документи на Стратегијата за РЈА (2023-2030). Во однос на делот за финансиските ресурси веќе е донесено Упатство за утврдување на стандардизирани трошоци за владините стратегии. Воедно, во изминатиот период во МИОА постоеше подпрограма К-6 за буџетирање на РЈА, а планирано е таква програма да се отвори и во сите институции носители на активности од новата Стратегија, со цел во иднина да може да се прикажат финансиските импликации од имплементацијата. На крај, истакна дека од клучно значење е постоењето на политичка поддршка за успешна имплементација на мерките и активностите од новата Стратегијата и намалување на „реформскиот замор“. РЈА претставува еден од клучните приоритети во пристапното партнерство и важен предуслов во процесот на европската интеграција на нашата држава, кој согласно новата Методологија за пристапни преговори за првпат конкретно се дефинира како област која е дел од првиот Кластер-Основи, што е од суштинско значење за динамиката на преговорите во целина.

По презентацијата на министерот, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски предложи препораките и наодите од Извештајот за евалуација на Стратегијата за реформа на

јавната администрација (2018 -2022) и наодите и препораките од мониторинг извештајот на СИГМА за 2021 година, да се земат предвид при подготовка на новата Стратегија за РЈА (2023-2030).

Се премина на **седмата точка -** Разно по што беше отворена дискусија за нотираните предизвици и препораки во оваа важна реформа за граѓаните и во евроинтеграцискиот напредок на Република Северна Македонија.

**Вицепремиерот за европски прашања, Бојан Маричиќ**, нагласи дека реформата на јавната администрација е дел од билатералниот скрининг со ЕУ уште во првиот Кластер Основи од преговарачкиот процес и соопшти дека во следните месеци од нашата држава се очекува да подготви Патоказ за реформа во јавната администрација.

**Генералниот секретар Методија Димовски** наведе дека околу новата стратегија, во делот на клучните четири столба, Генералниот секретаријат веќе почнал со подготовка на спроведување на мерките.

**Директорот на Агенција за администрација Спасе Глигоров** ја поздрави вклученоста на заинтересираните страни и наведе дека од позиција на орган кој исклучиво извршува одредени политики сака да праша што ќе значи процесот на консултација. Наведе дека консултацијата со јавноста е многу важна, но дека сака да обрне внимание на консултацијата помеѓу креаторот на политиката и извршниот орган кој ќе треба да ја примени (на пример помеѓу МИОА и Агенција за администрација) која потребно е да биде во најситни детали.

На крајот на седницата, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски во однос на точките 3, 4 и 5 од Дневниот ред на Десеттата седница на Советот за РЈА ги предложи следните заклучоци:

1. Советот за РЈА го усвои Четвртиот полугодишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за периодот јануари – јуни 2021 година
2. Советот за РЈА го усвои Четвртиот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2021 година

3. Советот за РЈА го усвои Петтиот полугодишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за периодот јануари – јуни 2022 година

4. Се задолжува МИОА да достави Информација за разгледување и усвојување на Четвртиот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2021 година на некоја од следните седници на Владата

5. Финалната верзија на Стратегија за РЈА (2023-2030) да се разгледа на наредната седница на Советот за РЈА.

Членовите на Советот за РЈА едногласно ги усвоија предлог Заклучоците од присутните и ја затвори десеттата седница на Советот за РЈА, по што Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседавач на Советот за РЈА Ковачевски ја затвори Десеттата седница на Советот за РЈА.